Врз основа на одредбите од член 9 од Законот за инвестициски фондови (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 12/2009, бр. 67/2010, бр. 24/2011, бр. 188/2013, бр. 145/2015, бр. 23/2016 и 31/2020), член 9 од Правилникот за кадровска, техничка и организациона оспособеност потребни за основање и работа на друштва за управување со фондови (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 115/2009 и бр. 192/2019 ) и одредбите од Статутот на Друштво за управување со инвестициски фондови ВЕГА ФОНДОВИ АД СКОПЈЕ (во основање), (во понатамошниот текст: Друштво), Одборот на директори на Друштвото, на ден 09.04.2021 година, го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА РАБОТЕЊЕ СО СТРАНКИ

**Член 1**

Овој Правилник за работење со странки, ја уредува постапката и начиност на работењето на Друштвото при управување со отворените инвестициски фондови, во свое име а за сметка на сопствениците на удели, индивидуалните портфолиа и клиентите на инвестиционо советување.

**Член 2**

Согласно овој правилник Друштвото ќе ги извршува своите работни задачи согласно законските и подзаконските прописи, Статутот и другите интерни акти на Друштото како и согласно Статут, Проспект, општите услови и др.

**Член 3**

Согласно законот странки на Друштвото можат да бидат, домашн и/или странски физички и/или правни лица кои се заинтересирани да ги вложат своите парични средства, преку уплата на истите на сметката на фондот и со тоа да станат сопственици на сразмерен дел на фондот односно да се стекнат со удели од истиот. Исто така странски може да бидат лица кои имаат склучено договор за управување со средства за сметка на индивидуален клиент - сопственик на портфолио и клиентите на инвестиционо советување.

**Член 4**

Друштвот ќе ги информира сопствениците на удели за, можноста да купат или да ги продадат своите удели, индивидуалните портфолиа и клиентите на инвестиционо советување во деловните простории на Друштвото, преку својата интернет страна, лицата задолжени за продажба на уделите и друга продажна мрежа, пишаните и електронски медиуми и социјалните мрежи.

**Член 5**

Продажбата на удели ќе се врши во просториите на Друштвото, преку продажна мрежа која може да биде овластена банка, брокерска куќа и други субјекти за кои постои

законска можност за вршење на продажба на удели. Односите меѓу Друштвото и друг правен субјект во врска со продажба на удели ќе бидат регулирани со договор во кој ќе се прецизираат правата и обврските на секоја договорна страна и начинот на спроведување на договорот.
Исто така Друштвото може да развие и сопствена продажна мрежа со лица ангажирани на договорна основа. Секое лице кое има намера да склучи ваков договор, пред склучување на истиот ќе помине обука извршена од страна на вработените лица во Друштвото.

Обуката ќе се состои од запознавање со: законската и подзаконската регулатива, одредбите од Статутот и Проспкетот на фондовите, одредби од областа на спречувње перење пари и финансирање тероризам, карактеристиките на пазарите на капитал од аспект на можностите и ризиците кои ги носат финансиските инструменти и други аспекти важни за квалитетно извршување на работата. Друштвото ќе склучи договор за соработка само со она лице кое ќе покаже вистински интерес и принципи на доследност, висока етика, професионалност и посветеност и ќе се придржува до насоките за работа дадени од Друштвото.

**Член 6**

Без разлика на каков начин, односно преку кој продажен канал ќе се воспостави деловен однос со странките, секој потенцијален клиент мора да биде запознаен со одредбите од Сатутот и Проспектот на фондот/фондовите, да му се предочат ризиците кои ги носи секој фонд согласно стратегијата на вложување и напомена дека остварените приноси не се гаранција за идните движења и истите се од информативен карактер. На странката треба да и се понуди оној фонд кој највеќе одговара на склоноста кон ризик која ја покажува самиот клиент.

**Член 7**

Странките можат да извршат купување на удели во фондовите со поднесување на посебни обрасци – формулари, Пристапница и Барање за купување на удели. Формуларите за купување удели ќе бидат достапни во деловните простории на Друштвото на неговата интернет страна, преку лицата задолжени за продажба на уделите и друга продажна мрежа со која Друштвото има воспоставено деловна соработка.

За откуп/пренос на удели странките ќе поднесуваат Барање за откуп на удели, односно Барање за пренос на удели. Доколку според Статутот и Проспектот е пропишана можоста за пренос на уделите од еден во друг фонд, преносот може да се направи со поднесување на Барање за пренос на парични средства од удели.

Освен Пристапница и Барање за купување удели странката пополнува и Апликација за идентифиакција/ажурирање клиент.

**Член 8**

Пристапницата и Барањето за купување удели странките може да ги поднесат секој работен ден во деловните простории на Друштвото или преку воспоставената продажна мрежа. Истото се однесува и за Барање за откуп на удели, односно за Барање за пренос на парични средства од удели.

Во случај кога како странка се јавува **физичко лице**, истото при поднесување на Пристапницата и Барањето треба да приложи документ за лична идентификација (лична карта или пасош) со цел легитимирање на истото. Кога странката е малолетно лице се приложува и извод на родени.

Доколку странката е **странско физичко** лице истото треба да приложи пасош или друг валиден документ издаден од надлежен орган на државата од која се представавува лицето од кој може се утврдуви неговиот идентитет. По потреба може да бидат земени и други документи. Истото се однесува и за Барање за откуп на удели, односно за Барање за пренос на парични средства од удели.

Во случај кога странката е **правно лице**, истото заедно со Пристапницата и Барањето приложува валиден документ (тековна состојба или друг документ издаден од надлежен орган) како и соодветен документ за идентификација на овластеното лице во правното лице. При воспоставување деловен однос се утврдува и вистински сопственик согласно законската и подзаконската регулатива и интерните акти за спречување перење пари и финансирање на тероризам. Истата процедура важи и ако станува збор за странско правно лице.
Истото се однесува и за Барање за откуп на удели, односно за Барање за пренос на парични средства од удели.

Ако при поднесување на Пристапницата и Барањето странката, физичко или правно лице се претставува преку **полномошник**, треба да се приложи и нотарски заверено полномошно кое треба да содржи изрично овлстување за купување и/или продажба на удели. Истото се однесува и за Барање за откуп на удели, односно за Барање за пренос на парични средства од удели.

Во определени специфични случаи (малолетно лице, деловно неспособно лице или лице на кое му е делумно ограничена деловната способност) Пристапницата и Барањето за купување удели поднесува законскиот застапник (родител, старател, посвоител) на малолетното лице, односно на деловно неспособното лице или лицето на кое му е делумно ограничена деловната способност. Истото се однесува и за Барање за откуп на удели, односно за Барање за пренос на парични средства од удели.

**Член 9**

Странките купуваат удели од фодот по цена што одговара на вредноста на уделот. Цената на уделите се утврдува според Правилник за утврдување на нето вредноста на имотот на отворен и затворен инвестициски фонд и за пресметување на нето вредноста на имотот по удел или по акции во инвестицискиот фонд (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 111/2009).

**Член 10**

По поднесување на Пристапница и Барање за купување странката може да ја изврши уплатата на сметката на фондот. По евидентирање на уплатата на странката и се доделуваат удели и и се доставува Потврда за купување удели. Потврдата за купување удели се достаува на начин договорен меѓу Друштвото и странката. Странката уделите ги

добива по нето цена на удел, односно по одбивање на сите трошоци кои се наплатуваат согласно закон, Статут и Проспект.

Со купувањето на удели странката се впишува во Регистарот на удели.

**Член 11**

Странките – сопственици на удели во фондовите имаат право да бараат целосен или делумен откуп на уделите или да бараат Пренос на паричните средства од удели од еден во друг фонд управуван од Друштвото. Неопходен услов за откуп/пренос на уделите е тие да се впишани во Регистарот на удели на соодветен фонд со кој управува Друштвото.

Странките може да поднесат Барање за откуп/пренос на удели. Барањето за откуп/пренос на удели е достапно во деловните простории на Друштвото, на интернет страната на Друштвото или истото може да се прибави преку воспоставената продажна мрежа.
Барањето за откуп/пренос на удели може да се поднесе секој работен ден во деловните простории на Друштвото и во продаданата мрежа. Исто така барањето за откуп/пренос може да се поднесе преку пошта или преку електоронска пошта.

При поднесување на Барање за откуп/пренос на удели, странките се легитимираат со документ за идентификација идентично како и при купување удели и дополнително при откупот приложуваат платежен документ – трансакциска сметка.

Друштвото постапува по Барањето за откуп/пренос само доколку истото е пополнето точно, прецизино, читко и од истото може да се утврди лицето кое го врши откупот, трансакциската сметка, износот за исплата или бројот на удели и истото е потпишано своерачно или со квалификуван дигитален сертификат за физичко лице наменет за лично користење, односно квалификуван дигитален сертификат за овластено физичко лице на правно лице наменет за професионални цели. Кај барање за пренос се наведува и фонд од кој истапува и фонд во кој пристапува.

**Член 12**

Сопственикот на удели во секое време има право да бара исплата на сите или одреден број удели во фондот.

Уделите се откупуваат според цена што одговора на нето вредноста на уделот утврдена првиот нареден ден на проценка по поднесување на Барањето за откуп на удели.

При откупот може да постојат и дополнителни трошоци, доколку истите се согласно закон и се пропишани во Статутот и Проспектот на фондот дека паѓаат на товар на странките кои вршат откуп.

**Член 13**

По поднесено Барање за откуп на удели од страна на сопственик на удели, депозитарната банка по налог на Друштвото го исплатува утврдениот износ на откупот, најдоцна во рок од

седум календарски дена по приемот на барањето за откуп на удели, на сметка наведена во Барањето за откуп на подносителот на барањето.

Во случај на Барање за пренос паричните срефства се преферлаат од фондот на истапување во фондот на пристапување во најбрз можен рок но не подолг од седум календарски дена.

Паричните средства од откуп на удели се исплатуваат на сметка на сопственикот на откупените удели.

Потврдата за откуп на удели се доставува до странката согласно инструкциите наведени во Пристапницата. Потврдата за откуп на удели се доставува во рок од пет дена по извршување исплатата од фондот.

Барањето за откуп/пренос на удели може да се поднесува согласно одредбите од Статутот и Приспектот на фондот.

**Член 14**

Продажбата и откупот на уделите во фондовите може да се прекине доколку Друштвото и Депозитарната банка сметаат дека не е можно да се утврди точната цена на имотот од портфолиото на фондовите, поради што престанува продажбата и откупот на удели во интерес на сопствениците или потенцијалните сопственици на удели. Заради заштита на интересите на сопствениците или потенцијалните сопственици на удели заради неможност да се утврди точната цена на имотот од портфолиото на фондовите од страна на Друштвото и Депозитарната банка, прекин и продолжување на продажбата и откупот на удели во Фондот може да покрене Друштвото и Комисијата за хартии од вредност.

**Член 15**

Странките од индивидуалните портфолиа и клиентите на инвестиционо советување се запознаваат со општите услови, тарифниците, стратегиите и содржината на договорите. Врз основа на пополнет прашалник се дефинира ризичниот апетит на странката и се изготвува предлог портфолио. Кај странка за инвестиционо софетување се дефинира намерата и потоа се формализира процесот на советување.

**Член 16**

Друштвото уредно ја чува целокупната документација која ја прибрало од сопствениците на удели поднесена при купување и продажба на удели како и смтководствената евиденција и документација и докментите поврзани со индивидуалните портфолиа и клиентите на инвестиционо советување.

Целокупната документација и податоците кои друштвото за управување со инвестициски фондови ги подготвува и собира согласно Законот за инвестициски фондови и прописите донесени врз основа на Законот, е должно да ги чува најмалку 10 години по истекот на деловната година на која се однесуваат тие податоци, односно 10 години по истекот на склучените договори.

**Член 17**

Друштвото објавува и поднесува ивештаи до Комисијата за хартии од вредност и до сопствениците на удели, индивидуалните портфолиа и клиентите на инвестиционо советување во согласност со законските и подзаконските прописи.

**Член 17**

Друштвото своето работење го заснова врз основа на примена на начелата и принципите на:

- совесност, професионалост и постапување со внимание на добар стопанственик;
- профитабилност, ликвидност и диверзификаија на ризикот при вложување на средствата на фондовите;
- трансапрентност;
- заштита на интерсите на инвеститорите – сопственици на удели;
- доверливост и тајност на податоците;
- непристраснот и неутралност.

**Член 18**

Овој Правилник влегува во сила по добивање согласност од Комисијата за хартии од вредност на РСМ. Правилникот за работење со странки од 25.01.2021 година престанува да важи.

ВЕГА ФОНДОВИ АД СКОПЈЕ